**20150742501**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 и 43/14), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОСНОВНИ БЕЛЕЗИ НА КНИЖНИТЕ ПАРИ ВО АПОЕНИ ОД 200 И 2000 ДЕНАРИ

1. Народна банка на Република Македонија издава книжни пари во апоени од 200 и 2000 денари како законско средство за плаќање во Република Македонија.

2. Книжните пари во апоени од 200 и 2000 денари ќе се печатат на специјална хартија со бела боја, со вграден воден печат, заштитна испрекината нитка со впишан текст НБРМ, видливи и невидливи влакна распоредени неправилно коишто рефлектираат во жолта, зелена и сина боја под дејство на ултравиолетови зраци и со зајакнати рабови на сите четири страни кои овозможуваат флексибилност и отпорност на физички оштетувања.

Книжните пари во апоен од 200 денари се печатат во димензија од 146 мм во должина и 70 мм во широчина.

Книжните пари во апоен од 2000 денари се печатат во димензија од 155 мм во должина и 70 мм во широчина.

3. Книжните пари од точка 1 од оваа одлука ги имаат следните основни белези:

### 3.1 Апоен од 200 денари

Носечки мотив на предната страна на банкнотата од 200 денари е репрезентативната ранохристијанска теракотна икона, откриена на Виничкото кале, Виница, односно релјефот со претстави на старозаветните воини Јошуа (Исус Навин) и Калеб.

Во левата горна четвртина на банкнотата е нанесен двоен пасер - стилизиран цртеж преземен од детаљ од познатиот луксузен керамички сад (хидрија) од 5 век пр.н.е., во комбинација од бои коишто при препокривање, формираат надворешна линија на орнаментот кога ќе се погледне под светлина. Под него е нанесен заштитен елемент кој ги надополнува карактеристиките на водениот печат составен од бројката „200" и флорален елемент од фасадата на Шарена Џамија, Тетово.

Во десниот агол на првата четвртина стои бројот „200" во висина од 18 мм. Во сенката на бројот се вградени шари коишто содржат букви „НБРМ" и бројки „200" што се повторуваат. Во задниот дел на бројот стојат шари во вид на стилизирани векторски цртежи коишто се повторуваат и формираат уникатни форми изработени според детаљи од ранохристијански мозаици од античките градови Стоби и Хераклеја кои продолжуваат и на десниот дел на третата четвртина.

Во средниот горен дел на втората четвртина од банкнотата стои гијош (guilloche) декоративен елемент изработен со прецизно комбинирање линии коишто се повторуваат со фини детали, нанесен на сите четири страни на банкнотата и номинална вредност на банкнотата означена со зборови „двесте денари".

Помеѓу првата и третата четвртина на банкнотата е отпечатена ознаката на распознавање наменета за слепите лица во форма на четири легнати триаголници.

На белиот празен простор помеѓу првата и третата четвртина на банкнотата е вграден воден печат (ѕвезда над претставата на Јошуа и Калеб), видлив ако банкнотата се гледа на осветлена заднина.

На истата страна во централното лево поле е прикажана раносредновековна прстеста бронзена фибула од почетокот на 6 век.

Заштитна испрекината нитка вткаена во хартијата позиционирана на левата половина од банкнотата со широчина од 3 мм во која повторувачки е втиснат микротекст „НБРМ“ и номиналната вредност „200“ со бројки. Кога се гледа на рамно, кинетичките линии светкаат во црвена боја. Кога банкнотата е свртена под агол, кинетичките линии се движат и се менуваат во зелена боја.

Во десниот горен агол на втората четвртина стои текст „двесте денари“ во висина од 6 мм.

Во десниот агол на втората четвртина на крајот од печатениот дел на банкнотата вертикално со ситни букви е напишан текстот „Јошуа и Калеб, теракотна икона, Виница, 6-7 век“

Во левиот дел на третата четвртина е претставена птица преземена од подниот мозаик од Баптистериумот на Епископската базилика во Стоби. Под претставата на птицата со ситни букви е напишан текст кој го означува местото и датумот на издавање на банкнотата, а под тој текст факсимил на потпис на гувернерот и текст „Гувернер“.

Во долниот дел помеѓу третата и четвртата четвртина на банкнотата е напишан микротекст „Народна банка на Република Македонија“. Под него стои текст „Народна банка на Република Македонија“ во висина од 4 мм.

Во десниот долен агол на последната четвртина стои бројот „200“ во висина од 6 мм.

Носечки мотив на задната страна на банкнотата од 200 денари е архитектонско-ликовен елемент од челната фасада на Шарена (Алаџа) Џамија во Тетово. Тој е надополнет со флорални елементи преземени од декорацијата на мермерните подни плочи на познатата Исак Џамија во Битола.

Во горниот и долниот дел на банкнотата нанесен е микротекст „НБРМ“ и „200“ кој се повторува на различна позадина изразен во комбинација негатив и позитив со колорит што е усогласен со боите на банкнотата.

Во горниот лев агол стои бројот „200“ во висина од 6 мм.

Во средината на првата и третата четвртина вертикално е нанесена обоена лента со метален сјај каде под одреден агол се гледа знамето на Република Македонија и бројот „200“.

Помеѓу првата и втората четвртина стои текст „Народна банка на Република Македонија“ во висина од 4 мм. Серискиот број на банкнотата кој содржи две букви и шест бројки е отпечатен на левиот дел од првата и третата четвртина на банкнотата во вертикална положба, а во четвртата четвртина на банкнотата во хоризонтална положба.

На левиот дел од втората четвртина се прикажани шари во вид на стилизирани векторски цртежи коишто се повторуваат и формираат уникатни форми изработени според детали од ранохристијански мозаици од Стоби и Хераклеја кои продолжуваат и на четвртата четвртина. Во средината на горниот дел на втората четвртина е напишан текстот „Шарена Џамија, детаљ од фасада, Тетово, 15 век“.

Во десниот дел на втората четвртина е нанесена растер-шара составена од бели линии завртени под различен агол. Во десниот горен дел на втората четвртина е нанесен двоен пасер - стилизиран цртеж преземен од детаљ од познатиот луксузен керамички сад (хидрија) од 5 век пр.н.е.

Во средниот лев и десен дел на банкнотата е нанесен стилизиран цртеж, флорален елемент од декорацијата на мермерните подни плочи на познатата Исак Џамија во Битола, кој кога ќе се превитка банкнотата формира целосна слика. Во долниот лев агол на третата четвртина стои текст „двесте денари“ во висина од 6 мм.

Во левиот агол на четвртата четвртина стои бројот „200“ во висина од 18 мм. Во сенката на бројките се вградени шари коишто ги содржат буквите „НБРМ“ и бројките „200“ што се повторуваат.

На првата и третата четвртина на банкнотата интегриран е елемент составен од флорални детали кои под УВ-светлина се менуваат во две визуелно впечатливи и лесно препознатливи бои.

**3.2 Апоен од 2000 денари**

Носечки мотив на предната страна на банкнотата од 2000 денари е претстава на македонска невестинска носија од Прилепско Поле како впечатлива рефлексија на богатството на фолклорната ризница на Република Македонија. На истата страна во централното лево поле е претставен приврзок во форма на афионова чашка којшто претставува артефакт датиран во 7 век пр.н.е.

Во левата горна четвртина на банкнотата е нанесен двоен пасер - стилизиран цртеж заснован на детаљ од ранохристијански мозаик од Стоби во комбинација од бои коишто при препокривање, формираат надворешна линија на орнаментот кога ќе се погледнат под светлина.

Под него е нанесен заштитен елемент кој ги надополнува карактеристиките на водениот печат составен од бројка „2000“ и неолитскиот глинен печат откриен на археолошкиот локалитет кај Говрлево, Скопско.

Во десниот агол на првата четвртина стои бројот „2000“ во висина од 18 мм. Во сенката на бројот се вградени шари коишто содржат букви „НБРМ“ и бројки „2000“ што се повторуваат. Во задниот дел на бројките стојат шари во вид на стилизирани векторски цртежи коишто се повторуваат и формираат уникатни форми изработени според детаљи од ранохристијански мозаици од Стоби и Хераклеја и детаљи од народни носии кои продолжуваат и на останатите три четвртини на банкнотата.

Во средниот горен дел на втората четвртина од банкнотата стои гијош (guilloche) декоративен елемент изработен со прецизно комбинирање линии коишто се повторуваат со фини детали, нанесен на сите четири страни на банкнотата и номинална вредност на банкнотата означена со зборови „две илјади денари“.

Помеѓу првата и третата четвртина на банкнотата е отпечатена ознаката на распознавање наменета за слепите лица во форма на три легнати правоаголници. На белиот празен простор помеѓу првата и третата четвртина на банкнотата е вграден воден печат (ликот на девојката со невестинска носија), видлив ако банкнотата се гледа на осветлена заднина.

На истата страна во централното лево поле е претставен приврзок во форма на афионова чашка, којшто претставува артефакт кој датира од 7 век пр.н.е.

Заштитна испрекината нитка вткаена во хартијата позиционирана на левата половина од банкнотата во форма на плетенка составена од две ленти со широчина од 4 мм во кои повторувачки е втиснат микротекстот „НБРМ“ и номиналната вредност „2000“. Кога се гледа на рамно, кинетичките линии светкаат во црвена боја. Кога банкнотата е свртена под агол, кинетичките линии се движат и се менуваат во зелена боја.

Во десниот горен агол на втората четвртина стои текст „две илјади денари“ во висина од 6мм.

Во левиот дел на третата четвртина е претставена пафта (невестински украс за појас) од с. Велгошти, Охрид, 19 век. Под претставата на пафтата со ситни букви е напишан текст кој го означува местото и датумот на издавање на банкнотата, а под тој текст факсимил на потпис на гувернерот и текст „гувернер“.

Во долниот дел помеѓу третата и четвртата четвртина на банкнотата е напишан микротекст „Народна банка на Република Македонија". Под него стои текст „Народна банка на Република Македонија" во висина од 4 мм.

Во десниот долен агол на последната четвртина стои бројот „2000" во висина од 6 мм.

Во десниот агол на четвртата четвртина на крајот од печатениот дел на банкнотата вертикално со ситни букви е напишан текстот „Невестинска носија, Прилепско Поле, 19 век".

Во левиот дел на втората четвртина е нанесен заштитен елемент чија предлошка е аверсната претстава на античка македонска монета од 2 век пр.н.е. Во овој елемент, зависно од аголот на гледање, се појавува прстен околу централниот дел, кој ја менува позицијата и бојата создавајќи тридимензионален ефект.

Носечки мотив на задната страна на банкнотата од 2000 денари е декорацијата на внатрешната страна на позлатен сад, којшто потекнува од 16 век и во чиешто централно поле се прикажани два афронтирани пауна (рајски птици) покрај „изворот на животот" обиколени со раскошна флорална декорација.

Во горниот и долниот дел на банкнотата е нанесен микротекст „НБРМ" и „2000" кој се повторува на различна позадина изразен во комбинација негатив и позитив со колорит што е усогласен со боите на банкнотата.

Во горниот лев агол стои бројот „2000" во висина од 6 мм.

Во средината на првата и третата четвртина вертикално е нанесена обоена лента со метален сјај, каде што под одреден агол се гледа знамето на Република Македонија и бројот „2000".

Помеѓу првата и втората четвртина стои текст „Народна банка на Република Македонија" во висина од 4 мм. Серискиот број на банкнотата кој содржи две букви и седум бројки е отпечатен на левиот дел од првата и третата четвртина на банкнотата во вертикална положба, а во четвртата четвртина на банкнотата во хоризонтална положба.

На левиот дел од втората четвртина стојат шари во вид на стилизирани векторски цртежи коишто се повторуваат и формираат уникатни форми изработени според детали од ранохристијански мозаици од Стоби и Хераклеја, кои продолжуваат и на четвртата четвртина. Во средината на горниот дел на втората четвртина е напишан текстот „Сад, сребро со позлата, Скопје, 16 век".

Во десниот дел на втората четвртина е нанесена растер-шара составена од бели линии завртени под различен агол. Во десниот горен дел на втората четвртина е нанесен двоен пасер - стилизиран цртеж заснован на детаљ од мозаик од Стоби.

Во средниот лев и десен дел на банкнотата е нанесен стилизиран цртеж, флорален детаљ од декорацијата на внатрешната страна на позлатен сад кој кога ќе се превитка банкнотата, формира целосна слика. Во долниот лев агол на третата четвртина стои текст „две илјади денари" во висина од 6 мм.

Во левиот агол на четвртата четвртина стои бројот „2000" во висина од 18 мм. Во сенката на бројките се вградени шари коишто содржат букви „НБРМ" и броеви „2000" што се повторуваат.

На задната страна на банкнотата интегриран е елемент - приказ на две птици, коишто под УВ-светлина се менуваат во две визуелно впечатливи и лесно препознатливи бои.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/IV-1/2015
30 април 2015 година
Скопје

Гувернер и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
**Димитар Богов**, с.р.